ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на Програмата (Р1) - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА на Општина Битола за 2021 година донесена со Одлука на Совет на Општина Битола бр. 09-93/3 од 09.07.2021 година Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за надоместок на дел од трошоците на граѓаните на општината за купување на велосипед за 2021 година

1. Опис на Јавниот повик

1.1 Општина Битола со цел да ги стимулира граѓаните за користење на превозни средства кои не го загадуваат воздухот ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства за велосипеди купени од 16.06.2021 година до крајниот рок за аплицирање според овој Јавен повик објавен на веб страната на Општина Битола .

1.2 Вкупниот буџет кој е планиран за овој јавен повик врз основа на Програмата за заштита на животната средина е во висина од 1.000.000,00 денари (без пресметан персонален данок). Средствата што ќе ги надоместува Општина Битола се во висина од 50% од цената на велосипедот, но не повеќе од 5.000,00 ( пет илјади) денари.

1.3 Јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Битола.

1.4 Услов за учество во јавниот повик е купувачот да нема искористено субвенција за истата намена од Буџетот на Општина Битола.

2. Начин на пријавување на јавниот повик

2.1 Право на учество на овој јавен повик имаат жителите на Општина Битола кои купиле велосипед во периодот од 16.06.2021 година до крајниот рок за аплицирање според овој Јавен повик (16.07.2021 година до 15:30 часот) и ќе поднесат Барање за искористување на правото за надоместок на образец кој може да се подигне на шалтери во општината или да се превземе од веб страната www.bitola.gov.mk.

2.2 За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество се исполнети барателот до Општина Битола ги доставува следните документи:

- Пополнет образец за Барање кој содржи и Изјава дека барателот нема искористено право на поврат на средства за купување на велосипед на друг јавен повик од Буџетот на Општина Битола. Барањето може да се подигне на шалтери во општината или да се превземе од веб страната www.bitola.gov.mk
- Доказ за жителство во Општина Битола со доставување на фотокопија од важечка лична карта на барателот
- Копија од трансакциона сметка на име на барателот
- Доказ во оригинал дека е извршено купувањето на велосипедот - фискална сметка или фактура со извод од деловна банка од 16.06.2021 година до крајниот рок за аплицирање.

2.3 Доколу има две или повеќе барања од лица кои живеат на иста адреса на живеење добитник на субвенција може да биде само едно лице од истата адреса на живеење, и тоа лицето од таа адреса на живеење кое прво аплицирало.

2.4 Барањата за искористување на правото за надоместок на дел од трошоците заедно со комплетната потребна документација се доставуваат лично на шалтерите на општината во

затворен плик секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот почнувајќи од **14.07.2021 година до 16.07.2021 година до 15:30 часот.**

3. Начин на спроведување на јавниот повик

3.1 Постапката по Јавниот повик ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Битола, која што ќе состави листа на доделени средства за купување на велосипеди и истата ќе ја предложи до Градоначалникот за исплата.

3.2 За доделените средства јавноста ќе биде известена преку официјалната веб страна на Општина Битола.

3.3 Бројот на добитници - лица кои ќе добијат средства е ограничен до висина на предвидениот износ на Буџетот на Општина Битола, а распределбата на средствата ќе се врши по принципот „ прв дојден прв услужен “.

4.Начин на остварување на право на надоместок.

4.1 Градоначалникот на Општина Битола ќе донесе решение за исплата на 50% од цената на велосипедот но не повеќе од 5.000,00 (пет илјади) денари доколку се утврди дека условите од овој јавен повик се исполнети.

Број 08-607/1

14.07.2021 година

Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК

____________________

м-р Наташа Петровска